РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 08 - 1042/3
31.08 2017 год
КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 17 став 143 од Статутот на Општина Кривогаштани („ Службен гласник на Општина Кривогаштани “ бр. 3/2011, 17/2014 10/16 и 14/16), член 78 став 1 од Изборниот законик („Службен весник на РМ“ бр.40/2006, 136/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016 и 142/2016), Советот на Општина Кривогаштани на ден 31.08.2017г. донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на места за истакнување на изборни плакати**
**без надомест во Општина Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат местата за истакнување на изборни плакати, за Изборите 2017 година, без надомест во Општина Крвогаштани.

Член 2

За **н.м Кривогаштани** се утврдуваат три локации за поставување на рекламни паноа за истакнување на Изборни плакати и тоа:

- На слободен простор до Општинска зграда (од источната страна) на ул.„ Филип Втори“ на КП 7635 КО Кривогаштани
- На слободен простор пред паркот на ул.„ Македонски Просветители“ (Спроти ветеринарната амбуланта) на КП 7492 КО Кривогаштани
- На слободен простор спроти времени објекти на ул.„ Браќа Моцановски“ (Спроти времени објекти ) на КП 8130 КО Кривогаштани

За **н.м Крушеани** се утврдува една локација за поставување на рекламни паноа за истакнување на Изборни плакати и тоа:

- На слободен простор пред Домот на културата на КП 2882 КО Крушеани

За **н.м Оброшани** се утврдува една локација за поставување на рекламни паноа за истакнување на Изборни плакати и тоа:

- На слободен простор пред црквата „Св. Никола“ КП бр.1691 КО Оброшани

За **н.м Бела Црква** се утврдуваат две локацијиза поставување на рекламни паноа за истакнување на Изборни плакати и тоа:

- На слободен простор пред продавницата (непосредно до спортското игралиште) на КП бр.254 КО Бела Црква
- На слободен простор пред Младинското бифе сопственост на Општина Кривогаштани, на КП бр.1752 КО Бела Црква

За **н.м Воѓани** се утврдува една локација за поставување на рекламни паноа за истакнување на Изборни плакати и тоа:

- На слободен простор пред Амбулантата на КП 1453 КО Воѓани

За **н.м Пашино Рувци** се утврдува една локација за поставување на рекламни паноа за истакнување на Изборни плакати и тоа:

- На слободен простор пред Домот на културата (во изградба) на КП 2430 КО Пашино Рувци

За **н.м Боротино** се утврдува една локација за поставување на рекламни паноа за истакнување на Изборни плакати и тоа:

- На слободен простор пред Продавница КП бр. 1177 КО Боротино

За **н.м Врбјани** се утврдува една локација за поставување на рекламни паноа за истакнување на Изборни плакати и тоа:

- На слободен простор во паркот пред фонтаната на КП бр.1381 КО Врбјани

За **н.м Славеј** се утврдува една локација за поставување на рекламни паноа за истакнување на Изборни плакати и тоа:

- На слободен простор пред Зграда на поранешна Месна Заедница.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во („Службен гласник на Општина Кривогаштани")

Преседател на Совет за 86 седница
на Општина Кривогаштани